акуван од бегал- дреди за транзитна држава. Тоа зна-

„ПРЕНАСЕЛЕНОСТ“ НА ДЛУМ

# Именки со опасен префикс

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

***Ако се спроведат условите на ДЛУМ консеквентно, каде ќе се најдат, на пример, Петар Хаџи Бошков (има формално образование, но сега е пензионер), Танас Лувовски (има формално образование, но не учествувал на изложби којзнае од кога), Вангел Наумовски (нема формално образование), Томе Андреевски (има формално образование, но професионално работи нешто сосема десетто), д-р Владимир Величковски (нема формално образование, но учествувал на групни и самостојни изложби)...***

Не е некаква особена новина ако повторно, по којзнае кој пат, се констатира дека ликовните уметници кај нас, и индивидуално и на ниво на асоцијација, никогаш не биле земани претерано сериозно. Тоа многупати и самите го истакнувале, особено во овој предолг, т.н. транзициски период, кога и индивидуално и колективно беа (се) оставени буквално на маргините на македонската култура. Но, велат тие, вината за таквата состојба прво ја бараат - кај себе!

И, тоа е - најточно, зашто секогаш прво треба да се тргне од себе, што другите ретко го прават. Иако со дострелите на нивната уметност се возвишија во самиот врв на македонската култура, според општествениот статус останаа - на дното! И индивидуално и колективно! И објективно и субјективно, и според барањата и според потребите.

Во Законот за културата видоа шанса, и - ја упропастија. Бараа даночни и царински ослободувања, бараа ателјеа... а останаа трговци! Но, читајќи го Законот, иако читањето не им е својствено, превидоа нешто поважно: дека во оваа држава сите се - уметници!(?) Независно од "...образованието, правниот статус, регистрацијата, државјанството, друг вид припадност..."! Во името на ступидното толкување на човековите права, во еден кош се ставени еден Хаџи Бошков и Н.Н., еден Анастасов и Б.Б., еден Чемерски и К.К., една Вангели и С.С....

Сега, соочени со проблемите децениски напластувани, со тешката финансиска состојба, со големо, но фактички малубројно членство... бараат излез на погрешна врата.

Имено, деновиве, во јавноста и особено меѓу членовите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, на големо се коментираат новиот Статут, новите критериуми за членството и, најчесто, начинот што оваа асоцијација го избрала за да се справи со проблемот на "пренаселеноста" на ДЛУМ.

Се разбира, на Управниот одбор, на Уметничкиот совет и на сите други органи и тела на Друштвото, не може/не треба да им се одрече правото да иницираат решенија и да се справуваат со напластените проблеми, еден по еден, или - со сите наеднаш.

Зашто, факт е дека не само ДЛУМ туку и сите други асоцијации на творци од областа на културата, не успеаја да фатат чекор со новите системски менувања кај нас. Некои сè уште сонуваат за - социјализмот!

Факт е исто дека ниту државата не им обрна некакво поголемо внимание ниту им помогна (во рамките на нејзините надлежности) да се престројат, во сопствен, но и во општ интерес.

Но, можеби е факт и тоа дека речиси ниту една асоцијација од областа на културата кај нас не ги согледува докрај сите релевантни аспекти на сопственото делување во новите услови.

За сето тоа, се разбира, има низа сериозни причини, не само кај творците и нивните форми на здружување туку и во општото, најблаго речено, несоодветно третирање на културата.

Како и да е, да се вратиме на суштината на проблемот. Имено, ДЛУМ сака да се ослободи од членството што, прво, нема соодветно ликовно образование и, второ, не се занимава професионално со ликовната уметност! Двете прашања се во директна (дали дијалектичка?) зависност. Но да одиме по ред.

За првото: решетото додржува вода но - дупките се големи! Поточно, образованието не е гаранција за квалитет, се разбира, ако стремежот на ДЛУМ е квалитетот. Впрочем, има многу членови на ДЛУМ, и тоа Друштвото го знае, што имаат формално ликовно образование, но - квалитет...?

За второто: важи истата синтагма. И дупките се повторно - големи! Имено, што значи професионално занимавање со ликовната уметност? Претпоставувам: да се биде присутен, да се учествува на изложби (дали само ДЛУМ-ови?), да се живее за и од уметноста! Но, со таков услов, нема ли ДЛУМ да се сведе на триесетина члена?

Конечно, ако се спроведат овие два услови консеквентно, каде ќе се најдат, на пример: Петар Хаџи Бошков (има формално образование, но сега е пензионер), Танас Луловски (има формално образование, но не учествувал на изложби којзнае од кога), Вангел Наумовски (нема формално образование), Томе Андреевски (има формално образование, но професионално работи нешто сосема десетто), д-р Владимир Величковски (нема формално образование, но учествувал на групни и самостојни изложби)....итн!?

Дилемите се многубројни. Како ќе се разрешуваат? Од случај до случај или...? Нема ли тогаш да профункционира субјективната оценка, чија и да е? Понатаму, и тие без формално образование, како и тие што никогаш професионално (што всушност означува овој поим?) не се занимавале со ликовна уметност, некој, некогаш (читај: некои други органи на ДЛУМ), ги примил за членови на Друштвото. Може ли сегашната управа тукутака да ги брише? Истовремено, голем број еминентни македонски уметници - "квалификувани" според критериуми и услови - со години одбиваат да се појават на јавната сцена, а особено на ДЛУМ-овите манифестации! Зошто?

Оттука, проблемот сигурно не е ниту лесен ниту едноставен. Но, секако не смее да се прекршува преку колено. Сите именки со префиксот "ре" се опасни ако се применуваат недоволно промислено. И ре-организација, и ревизија, ре-дукција, ре-волуција....? Неспорно е дека ДЛУМ ќе најде излез од кризните состојби, но тие состојби не се од вчера и не се само нивни. Состојбите се општи и бараат поопстојни анализи за да се најде и вистинското решение.